РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-286/1
15-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26-тата седница одржана на 30.12.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-1334/1 од 17.04.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за незаконитости при изградба на објект во населеното место ///, општина ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот - за предметниот случај веќе постапил друг надлежен орган – Основното јавно обвинителство /// и во врска со пријавениот случај во тек е судска постапка.

Предметот со број 12-1334/1 од 17.04.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 17.04.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконитости при изградба на објект во населеното место ///, општина ///, и оформен е предмет број 12-1334/1 од 17.04.2025 година. Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за бесправно градење на бетонска база на КП /// и КП ///, КО ///, од страна на инвеститорот ///, за кое подносителот во пријавата известува дека било пријавено на повеќе надлежни институции кои во врска со наводите наводно не постапиле.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави барање за доставување податоци и информации до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Од увидот во податоците и информациите доставени на барање на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
Врз основа на примена кривична пријава поднесена од страна на анонимна група граѓани, во Основното јавно обвинителство /// на ден 09.09.2021 година бил оформен предмет /// против /// од с.///, за кривичното дело Бесправно градење од чл.244-а ст.1 од Кривичниот законик.
Против пријавеното лице од страна на Основното јавно обвинителство /// на ден /// година до Основниот суд /// бил поднесен обвинителен акт по кој пред Основниот суд /// постапката е во тек.

Дополнително, во врска со пријавените наводи ДКСК веќе има постапено во рамки на предметот со број 12-3032/1 од 07.06.2019 година, каде е утврдено дека во врска со наводите постапиле овластениот градежен инспектор на Општина /// и Основното јавно обвинителство ///, по што ДКСК донела Одлука број 12-9154/3 од 08.02.2023 година.

Имајќи предвид дека Основното јавно обвинителство /// во врска со пријавениот случај поднело обвинителен акт и дека предметот е во судска постапка, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК